# З А П И С Н И К
од Сто и четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 21 јануари 2026 година

Скопје, јануари 2026 година

З А П И С Н И К
од Сто и четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 21 јануари 2026 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:30 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем.

На седницата учествуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање и Борко Ристовски, министер за спорт, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата учествуваа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство и м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата учествуваа и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Барање од АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје под бр.0204-31/6 од 21.1.2026 година за склучување договор за позајмица/заем со Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, Скопје

2. Кадровски прашања

3.Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Барањето од АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје под бр.0204-31/6 од 21.1.2026 година за склучување договор за позајмица/заем со Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, Скопје и согласно усно изнесеното укажување на Министерството за финансии заклучи:

1. Го прифати Барањето од АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје под бр.0204-31/6 од 21.1.2026 година за склучување договор за позајмица/заем со Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, Скопје.

2. Се укажува на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост- Скопје и Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, Скопје да склучат договор за заем во износ од 60.000.000,00 денари.

3. Се укажува на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост- Скопје да подготви и до Владата да достави информација со план/динамика за враќање на заемот, вклучително и на претходно земените заеми, кон Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, Скопје.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:35 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| Игор Јанушев | Љупчо Димовски |